**Андон Мајхошев**

# МЕДИУМИТЕ ВО ШТИП: (И)СТОРИЈА НА ПОДЕМИ И ПАДОВИ

**Штип, 2023 година**

**Издавач**:

НУ-УБ ‘’Гоце Делчев’’ Штип

**За издавачот**:

В.Д. Директор Билјана Миладинова

**Уредник**:

Андон Мајхошев

**Автор:**

Проф. д-р Андон Мајхошев

**Јазична редакција**:

Лила Беловска

**Рецензенти**:

проф. д-р Живко Андрески, проф. д-р Јадранка Денкова

**Печати**:

Печатница ‘’2-ри Август’’-Штип

**Тираж**: 150 примероци

CIP-Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774(497.731)(091)

МАЈХОШЕВ, Андон
Медиумите во Штип : (и)сторија на подеми и падови / Андон Мајхошев. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2023. - 209 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 204-209

ISBN 978-608-242-142-1

а) Медиуми -- Штип -- Историја

COBISS.MK-ID 59955461

*Книгата ја посветувам на сите новинари и медиумски работници во Штип кои секојдневно се борат со центри на моќ за вистинатата*

**СОДРЖИНА**.........................................................................................5

**Значење на кратенките**...................................................................7

**Предговор**..........................................................................................10

**Вовед**...................................................................................................12

**Методологија на истражување**......................................................14

**1. РАЗВОЈНИ ПЕРИОДИ НА МЕДИУМИТЕ ВО ШТИП**...................17

**2. ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ВО ШТИП**...............................................19

2.1 Печатени гласила/медиуми во Штип за време на окупацијата и Втората светска војна....................................19

2.1.1 Искра........................................................................................20

2.1.2 Народен глас..............................................................................21

**3. НОВИНАРСТВОТО ВО РАБОТНИТЕ КОЛЕКТИВИ - ФАБРИЧКО НОВИНАРСТВО**.......................................................................24

3.1 Поим и дефиниција ....................................................................25

3.2 Појава и развој ..........................................................................27

**4. НОВИНАРСТВО ВО РАБОТНИТЕ КОЛЕКТИВИ ВО ШТИП**......31

4.1 Македонка...................................................................................34

4.2 Астибо..........................................................................................42

4.3 Црвена Ѕвезда............................................................................46

4.4 Исток-транс.................................................................................48

4.5 Макпромет...................................................................................50

4.6 Здравје………..............................................................................53

**5. ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО ШТИП ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ.......59**

5.1 Народен глас.................................................................59

5.2 Солидарност.................................................................62

5.3 Штипски весник.............................................................65

5.4 Подлистоци на Солидарност/Штипски весник.................68

**6. ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО ШТИП ВО НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА.**..........................................................................71

6.1 Опсерватор.....................................................................72

6.2 Јавност...........................................................................74

6.3 Штипско огледало...........................................................75

6.4 Панорама........................................................................77

6.5 БИС-Балкански информативен спектар...........................78

6.6 Исток..............................................................................80

6.7 Арманамеа билтен..........................................................81

6.8 Штипски глас..................................................................82

6.9 Универзитетски весник………………………….................85

6.10 Штипски мозаик..............................................................86

6.11 Студентско ехо...............................................................88

6.12 Текстилец.......................................................................91

6.13 Бруцош...........................................................................94

6.14 Училишни весници .........................................................95

6.15 Алтернативни печатени медиуми..................................99

6.16 Стручни списанија........................................................102

**7. ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ ВО ШТИП**.......................................107

7.1 РАДИЈА.........................................................................107

7.1.1 Радио Штип.................................................................107

7.1.2 Радио мрежа Канал 77................................................114

7.1.3 Радио ЛАВ.................................................................120

7.1.4 Радио Антонио ФМ.....................................................124

7.1.5 Радио Енџелс ФМ......................................................126

**7.2 РАДИЈА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**....................................130

7.2.1 Регулатива за основање на медиуми на етничките заедници....................................................................130

7.2.2 Радио Черења............................................................132

7.2.3 Радио Тернипе...........................................................136

**7.3 НЕПРОФИТНИ РАДИОДИФУЗНИ УСТАНОВИ**........................137

7.3.1 Студентско радио УГД ФМ...........................................139

7.3.2 Радио на Турците Достлогунсенси...............................141

**8. ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ ВО ШТИП.**................142

8.1 ТВ Теко.......................................................................142

8.2 ТВ Ирис......................................................................144

8.3 ТВ Стар.......................................................................148

8.4 ТВ Канал плус...............................................................151

8.5 ТВ МтНет.....................................................................153

8.6 Интерна телевизија на УГД............................................155

**9. УЛОГАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО РАЗВОЈОТ НА МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО**..........................................158

**10. ДОПИСНИШТВА И ДОПИСНИЦИ ОД ШТИП**..............................161

**11. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НОВИНАРИТЕ ВО ШТИП**.........................165

**12. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**...................................................167

**13. МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО ВО ШТИП НИЗ ФОТОГРАФИИ**..........................................................................172

**РЕЦЕНЗИЈА**.............................................................................201

**ЛИТЕРАТУРА**...........................................................................204

**ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ**

АД...................Акционерско друштво

АТШ................Авто трансшпед

ГП...................Градежно претпријатие

ДОО...............Друштво со ограничена одговорност

ЕКЧП.............Европска конвенција за човекови права

ЕУ...................Европска Унија

ЗИК.................Земјоделски индустриски комбинат

ЗНМ................Здружение на новинари на Македонија

ЈЗО.................Јавна здравствена организација

КОПАЖ..........Конференција за општествена положба и активност на жените

КК.....................Кошаркарски клуб

КП.....................Комунистичка партија

КПМ................Комунистичка партија на Македонија

КПЗ.................Културно просветна заедница

КУД...................Културно уметничко друштво

ОК ..................Општинска конференција

ООЗТ...............Основна организација на здружен труд

МАИМ.............Македонска асоцијација за историја на медицината

МЗТ.................Металски завод Тито

МОФ................Македонски ослободителен фронт

МК....................Модна конфекција

МПЦ.................Македонска православна црква

МРТВ...............Македонска радио-телевизија

MHz…………..Мега Херци (мерна единица)

ОК..................Општинска конференција

ООН................Организација на обединети нации

РО...................Работна организација

САД.................Соединети американски држави

СР...................Социјалистичка република

СССР..............Сојуз на советски социјалистички републики

РМ...................Република Македонија

НВО.................Невладина организација

НОБ.................Народно ослободителна војна

ПОМ................Партизански одреди на Македонија

СКМ................Сојуз на комунисти на Македонија

ССРНМ.......Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија

СФРЈ.............Социјалистичка федеративна република Југославија

ТВ....................Телевизија

ТК....................Текстилен комбинат

ТП....................Текстилно претпријатие

УГД................Универзитет Гоце Делчев-Штип

УКЛО..............Универзитет Климент Охридски-Битола

ФК....................Фудбалски клуб

ФМ...................Фреквентна модулација

ФНРЈ..............Федеративна народна република Македонија

ЦОЈ.................Центар за односи со јавноста

## Предговор

Потребата да се напише оваа книга произлегува од фактот што досега не е објавена публикација за медиумската историја во Штип. Во текстот се опфатени појавата, развојот и опстојувањето на медиумите во период од осум децении. Во текстот поголем акцент е ставен на традиционалните медиуми.

Појавата и развојот на традиционалните медиуми во Штип се одвивал систематски и со различна динамика. Тие имале подеми и падови. Медиумската сфера е динамична, како што е динамичен животот. Легислативата и политиките во медиумската сфера перманентно се менуваат и критички оценуваат. Една стара филозофска мудрост на Хераклит гласи *“Ништо не е вечно, освен промените”*, односно *“Се тече и се се менува”* (Panta rei). Се менуваат и медиумите во секој поглед. Имало периоди кога едни медиуми се раѓале, а други згаснувале. Во одредени периоди побројни биле печатените, а во други електронските медиуми.

Период којшто е предмет на нашата анализа е 1945-2022 година. Овој период опфаќа два општествено-политички система, кои, еден од друг, суштински се разликуваат. Првиот период од 1945-1990 година е периодот на социјализмот, а вториот е периодот по 1991 и е познат како повеќепартиски систем или политички плурализам.

Идејата да се напише публикација за хронолошкиот развој на традиционалните медиуми во Штип се роди одамна. Тоа беше диктирано од желбата да се остави барем мала трага дека тие постоеле и опстојувале со подеми и падови. Првично идејата беше да се напише труд/истражувачка сторија за новинарството во работните колективи (фабричко новинарство). Подоцна идејата се прошири и на останатите традиционални медиуми. За реализација на идејата, продолжив со собирање на податоци, информации, весници, но, и обавив бројни разговори со речиси сите релевантни новинари во Штип. Собирајќи камче по камче, успеав некако сите расфрлани камчиња да ги средам за да на крајот го составам мозаикот на медиумскиот пејсаж во Штип. Во составувањето на мозаикот сакам да подвлечам дека исчитав најмалку десет книги и прелистав 35 весници, списанија, магазини и подлистоци со неколку илјади страници, а воедно консултирав и голем број новинари.

Едноставно, желбата ми беше, со разбирлив и едноставен јазик, ослободен од комплексот на академско пишување со цитати и бројни

фусноти, читателот да дојде брзо до информации за историскиот развој на традиционалните медиуми во Штип.

Основната цел на публикацијата е да се оформи систематизирана база на податоци за сите традиционални медиуми кои се појавиле во Штип, кои ќе можат да се најдат на едно место.

При пишувањето на трудот се појавија концептуални дилеми за аспектите на истражувањето. Се определивме за концепт според кој фокусот го ставиме на хронологијата, концептот на медиумот, персоналниот состав, информативните содржини, временското опстојување и др.

Политичката димензија на медиумите не е предмет на наша анализа.

Исто така, во нашето истражување се соочивме и со недостиг на литература и весници кои беа неопходни за успешно завршување на текстот. Во разрешувањето на овие дилеми им должам на сите новинари и медиумски работници од Штип, кои, преку свои сеќавања, текстови и обезбедување на весници дадоа огромен придонес. Овде посебно би го издвоил новинарот Љупчо Шатевски кој, од сопствената архива ми ги обезбеди сите печатени медиуми кои ми недостигаа. Исто така, упатувам голема благодарност и до Роднокрајното одделение на НУ-УБ “Гоце Делчев”-Штип во поддршката и обезбедување на потребните весници и списанија

Со ова публикација, која е замислена како летопис/временска анализа на појавата, развојот и опстојувањето на традиционалните медиуми во Штип, се обидуваме на читателите да им го претставиме портфолиото на традиционалните медиуми, а во тие рамки и професионалниот пат и кариерен развој на речиси сите новинари, медиумски работници и соработници во Штип во наведенот период.

Преку прикажувањето на активностите на медиумите и новинарите во Штип во еден подолг временски период, всушност, ние оставаме неизбришлива трага на професијата, која имаше подеми и падови, но и прекрасни моменти во својот развој.

Книгата ќе им послужи на различни категории субјекти и професионални структури, пред се од медиумската и новинарската провиененција.

Со оглед на тоа што истражуваме осумдецениски период, можеби некој медиум или новинар е испуштен во текстот. Поради тоа молиме за разбирање.

Штип, април, 2023 Од авторот

## Вовед

Градот Штип е најважен административен, политички, стопански, образовен, здравствен и културен центар во источниот дел на Република Македонија. Во него секојдневно пулсираат важни економски, општествено-политички, образовни, културни и спортски настани.

Општественото значење на градот, како и настаните што се случуваат во него, имаше потреба од основање на медиуми за информирање на граѓаните за сите настани во општината. За таа цел, во Штип беа основани повеќе традиционални медиуми, кои во оваа публикација на соодветно место ќе ги претставиме пошироко.

За време на НОБ и антифашистичката борба на македонскиот народ во Штип излегувале информативни билтени и гласила (весници) кои биле првите никулци на печатени медиуми. Во овој период излегувале две информативни гласила: “Искра” и “Народен глас”. Двете гласила имаа револуционерна, слободарска и антифашистичка содржина. Тие одиграле исклучително важна улога во мобилизација на македонскиот народ за борба против фашистичкиот окупатор и создавањето на национална држава во рамките на Југословенската федерација.

По ослободувањето на Штип во ноември 1944 година, меѓу првите гласила кои се возобновија се весниците “Народен глас” и “Брегалнички глас”.

Подоцна, во 1960 година со работа започна Радио Штип, првото радио во градот и меѓу првите во државата.

Во меѓувреме на медиумската сцена сукцесивно се појавија шест фабрички весници кои оставија непроценлив пишан материјал за развојот на самите работни колективи, но и новинарството.

Во 1976 година е основан општинскиот весник “Солидарност”, кој, во 1982 година го менува името во “Штипски весник” и постепено започна да се професионализира со вработување на новинари.

Во периодот на независна Македонија на медиумската сцена се појавија десетина нови печатени медиуми, а беа основани и неколку локални радија и телевизии.

Како регионален центар, Штип важи за град со развиен систем на информирање. Од ослободувањето до денес во градот постоеле

повеќе традиционални медиуми (печатени, радија, телевизии) во државна и приватна сопственост. Сите, на свој начин се своевидни чувари на институционалната и колективната меморија на сите случувања во градот.

Во Штип постоеја и медиуми на етничките заедници, кои беа наменети за информирање на граѓаните на својот мајчин јазик (ромски, турски и влашки јазик). Овие медиуми беа важни и за негување и афирмација на националниот и културниот идентитет на етничките заедници.

На територијата на општина Штип се појавија алтернативни и атипични печатени медиуми кои отстапуваа од стандардите на типичен печатен медиум, како по својата форма, така и по својата содржина. Ваквиот вид на медиуми го уредуваа членовите на Клубот на млади новинари и група на млади ентузијасти при Домот на младите во Штип.

Нова димензија во развојот на медиумите и новинарството во градот дава и Универзитетот Гоце Делчев-Штип, во кој студираат околу десет илјади студенти. Универзитетот преку студиската програма по Медиумски студии и односи со јавноста на Правниот факултет игра важна улога во едуцирањето на кадри од областа на новинарството. Исто така, во рамките на институцијата постојат неколку медиуми: Универзитетското радио УГД ФМ, Универзитетската интерна телевизија, Студентско ехо, во кои студентите ја искажуваат својата креативност и обавуваат практичната настава.

Дописништвата, дописниците и организирањето на новинарите, исто така, се важен сегмент на идентитетот на медиумската и новинарската заедница во Штип. Поради тоа, на соодветно место од книгата во посебни поглавја посветуваме внимание и на оваа димензија на медиумскиот живот.

На крајот од публикацијата на читателите им понудивме многубројни фотографии преку кои тие имаат можност подобро да се запознаат со работата на медиумите и новинарите во Штип.

## Методологија на истражувањето

Овој труд претставува истражувачка сторија/приказна за појавата, развојот и временското опстојување на традиционалните медиуми во Штип (печат, радио и телевизија). Истражувањето се однесува на периодот 1945-2022 година кој опфаќа два различни политички и вредносни системи.

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека Штип има развиен систем на информирање во кој опстојувале голем број на традиционални медиуми со подеми и падови. Притоа, не навлегуваме подлабоко во причините за експанзијата и згаснувањето на медиумите.

Основна цел на нашето истражување е да дојдеме до конкретни податоци за појавата, развојот и временското опстојување на традиционалните медиуми во Штип во периодот 1945-2022 година, како и за концептот на медиумот, уредувањето, информативните содржини, техничкото уредување, кадровската екипираност, програмска шема и сл.

**Методи и техники на истражување**. Во нашето истражување применивме повеќе истражувачки методи и техники кои соодвестуваат на предметот на истражување. Ги применивме историскиот метод, анализа на содржина на повеќе документи (весници, книги, текстови, меѓународни правни инструменти, национални правни акти и сл.), како и истражувачката техника интервју. Беа интервјуирани уредници, новинари, соработници на медиумите, членови на издавачки совети, технички уредници и сл. од сите медиуми на прашања поврзани со нашиот предмет на истражување. Вкупно беа интервјуирани 40 уредници, новинари, медиумски работници

Резултатите од истражувањето се претставени текстуално во дескриптивна/наративна форма во рамките на текстот.